# Webquest
# A journey into the animal world
# Патување во светот на животните



# Вовед



**Добар ден другарчиња**

Потребна ми е вашата помош. Се обидов да напишам песна за животните но нешто чудно се случи. Не можам да запаметам кое животно како изгледа, каде живее, што може да прави, што јаде.... Затоа ве молам да ми помогнете. Вие како успешни детективи треба да започнете едно чудесно патување. **ПАТУВАЊЕ ВО СВЕТОТ НА ЖИВОТНИТЕ**. Дали сте спремни? Ајде да го започнеме нашето патување!!!!!!!

# Задача



Постојат различни видови на животни во светот, како што се домашните животни, дивите животни кои живеат во џунглите и шумите, морските животни и поларните животни. Вашата задача денес како способни детективи е да ги откриете различните работи за животните, како тие изгледаат, што јадат, што можат да прават, каде живеат и неколку интересни факти за секое од животните.

# Процес



За време на патувањето во светот на животните, ќе работите во групи од 5 члена. Мисијата на секоја група ќе биде да ги открие имињата на животните кои се кријат во тајните кодови, да осознае неколку факти за животните и потоа да ги презентира пред останатите ученици во одделението. Секој член од групата ќе има специфична задача која ќе мора да ја заврши. Ќе треба да работите тимски и секој член ќе треба да ја заврши својата задача за да можеме да го завршиме нашето патување. На крајот секој член од групата ќе пополни листа за самооценување на неговиот/нејзиниот придонес кон работата на групата како и оценување на презентациите на останатите групи.

# Процес 1:



**<u>Задача на учениците со бр.1</u>**

Вие ќе ги употребите вашите детективски вештини за да ги откриете имињата на животни кои се скриени во таениот код кој ви е даден. Откако успешно ќе ги пронајдете имињата на животните, запишете ги на лист хартија и споделите ги со останатите членови од групата за да тие ги откријат информациите кои се потребни. Исто така вие ќе бидете одговорни за избирање на слики за животните кои вашата група ќе ги употреби за презентацијата.

# Процес 1:

**Задачата на учениците со бр.2 и 3**

Вие ќе ги употребите вашите детективски вештини за опишување на двете животни. Учениците со бр.2 ќе изберат едно животно кое ќе го опишат, а учениците со бр.3 ќе го опишат другото животно. Во документот *Факти за животни* ќе ги најдете сите потребни информации за вашите животни. Прочитајте ги информациите за животните и одговорете на следниве прашања:

1. **What kind of animal is it? (mammal, reptile, bird, amphibian, fish)**
2. **What does it look like? (decribe the animal)**
3. **What can it do? (fly, crawl, run)**
4. **What does it eat? (plants, meat, insects)**
5. **Where does it live? (jungle, forest, farm, home)**
6. **Find 2 interesting facts about your animal.**

**Запишете ги податоците на лист хартија и споделете ги со групата.**

# Процес 1:



**Задачата на учениците со бр.4 и 5**

Вие ќе ги употребите вашите детективски вештини да ги споредите двете животни кои учениците со бр.2 и 3 ги опишаа. Употребете ги информациите кои тие ги открија за да ги споредете двете животни и запишете ги во Веновиот Дијаграм. Вие исто така ќе бидете одговорни за презентирање на вашите две животни пред останатите ученици во одделението.

# Процес 2:



Честитам детективи уште малку ќе ја завршите вашата мисија. Треба само уште едно нешто да се заврши. Сега ќе креирате презентација за двете животни кои ги истражувавте. Употребете го документот *Презентација* за да ги внесете информациите кои ги пронајдовте. Не заборавајте да употребите слики од вашите животни.

**ЗАБАВУВАЈТЕ СЕ И БИДЕТЕ КРЕАТИВНИ!**

Кога сите ќе ја завршите оваа задача, ќе ги споделиме сите информации и факти кои ги откривме со останатите ученици во одделението со помош на вашите презентации.

# Оценување



- За време на презентациите групите ќе треба да ја пополната Табелата за оценување со помош на Аналитичката листа на критериуми и на тој начин ќе ја оцените работата на другите групи.
- На крај секој член од групата ќе ја пополни Листата за самооценување на неговата/нејзината работа во групата и да одговори на Прашањата за само-рефлексија за проектот.

# Заклучок



**Честитам!!!**

Успешно ја завршивте мисијата. Вашата работа многу ќе ми помогне во составувањето на песната за животни.

Се гордеам со вас и вашето успешно завршување на толку важна задача.